РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 22 2798/2
19-03-2024 20___ год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

# SWOT АНАЛИЗА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЗА 2024-2026 ГОДИНА

SWOT[1] претставува анализа на внатрешни предности и слабости на Стратешкиот план на МТСП за фискалниот период 2024-2026 година, како и можности и закани коишто доаѓаат од надвор. SWOT анализата е изготвена за идентификација на силните и слабите страни, на предизвиците и заканите на Стратешкиот план на МТСП за фискалниот период 2024-2026 година, со цел да се предвидат активностите што треба да се преземат, да се подобрат силните страни, да се елиминираат слабостите, да се искористат предизвиците, да се оневозможи остварување на заканите или барем да се намали нивното влијание.

При разработување на SWOT анализата, земени се во предвид слабите страни или заканите, со наше правилно насочување, да бидат претворени во силни страни и предизвици, кои Министерството може да ги искористи за подобрување и постигнување на предност во севкупниот развој на политиките кои се имплементираат во овој орган на управа.

Со помош на SWOT анализата, се направи скенирање на внатрешните и надворешните влијанија, на опкружувањето во кое дејствува Министерството, како и неговите релации со останатите сегменти, системи и потсистеми, со кои се гарантира социјалната и материјалната сигурноста на граѓаните.

Со SWOT анализата се испитуваа силните страни и слабостите, наспроти можностите и ризиците од опкружувањето и притоа се користеше како аналитичко средство со која се направи првиот чекор во дефинирање на постојната и посакуваната состојба.

Во анализата, земена е во предвид временската димензија и во тој контекст силните и слабите страни се третирани низ призмата на сегашноста, втемелена на минатото, додека искористувањето на можностите (предизвиците) за елиминирање на заканите (ризиците), кои ќе ни ја претставуваат иднината за креирање и имплементација на политиките на МТСП.

Во рамки на SWOT анализата се опсервирше институцијата, нејзината внатрешна структура, надлежноста, одговорноста, силните и слабите страни, капацитетите-човечките и материјалните ресурси, опрема со која располага, условите за работа, заканите и предизвиците со кои се соочува МТСП во секојдневното работење.

Преку SWOT анализата, успешно се согледаа интерните и екстерните фактори кои влијаат врз креирањето и имплементацијата на политиките во МТСП, консеквентно на тоа мисијата, визијата, приоритетите и целите, се усогласија со целокупното опкружување.

Со SWOT анализата, се утврди моменталната стратешка позиција на МТСП (по одделни програми и потпрограми), врз основа на која се направи согледување, која стратегија најдобро и најефикасно одговара за креирање и имплементирање на политиките од овој домен. Ова значи дека Стратешкиот план може да се имплементира на адекватен начин, со цел проактивно да се согледа позицијата на Министерството.

---

[1] S=STRENGTHS, еквивалент на македонски јазик значи- СИЛНИ СТРАНИ
W=WEAKNESSES, еквивалент на македонски јазик значи-СЛАБОСТИ
O=OPORTUNITIES, еквивалент на македонски јазик значи-МОЖНОСТИ
T=THREATS, еквивалент на македонски јазик значи-РИЗИЦИ

| СИЛНИ СТРАНИ: | ПРЕДИЗВИЦИ: |
|---|---|
| • Донесени стратешки документи;<br>• Стратешки документи кои ги одразуваат реформите во секторите;<br>• Јасна законска регулатива, усогласена со меѓународните и европските стандарди;<br>• Транспарентен и партиципативен принцип при креирање и имплементација на политиките;<br>• Соработка со меѓународните органи, институции и НВО, експерти од соодветна област и социјални партнери при креирањето на политиките и законите;<br>• Евалуација на ефекти од имплементација на одделни законски прописи и стратешки документи;<br>• Големо работно искуство на вработените во креирањето и имплементацијата на политиките;<br>• Интеграција во општеството на лицата изложени на социјален ризик, преку развиени форми на социјална заштита;<br>• Развиена мрежа на социјални услуги достапност на права на социјалната заштита и воспоставена мрежа за институционални механизми за родова еднаквост на локално и национално ниво;<br>• Навремено преземање на мерки за поведување на прекршочни и кривични постапки за непочитување на законите и подзаконските акти;<br>• Надзор врз законитоста на работењето на институции под ингеренции на МТСП;<br>• Експедитивно и ефикасно постапување на Комисијата за ревизија на наод, оценка и мислење, за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа;<br>• Билатерална соработка со европските и воневропските земји (склучување на договори за социјално осигурување);<br>• Редовно сервисирање на исплатата на пензиите;<br>• Воспоставен систем на згрижување и воспитание од предучилишна возраст во функција на раниот детски развој на детето;<br>• Оформен тим со различно искуство за планирање на спроведување на проекти;<br>• Воспоставена структура со знаење за подготовка и | • Отпочнување на процесот на screening на усогласеноста на македонското со законодавството со ЕУ;<br>• Намалување на стапката на невработеност и зголемување на стапката на вработеност;<br>• Воспоставен систем на даватели на услуги (општини, здруженија и приватни провајдери);<br>• Намалување на неформалната економија;<br>• Намалување на неусогласеноста помеѓу потребите на пазарот на трудот и образовната политика;<br>• Унапредување на социјалниот дијалог и воспоставените капацитети и механизми за зајакнување на трипартитниот и бипартитниот социјален дијалог;<br>• Колективно преговарање и мирно решавање на работните спорови;<br>• Понатамошно унапредување на вонинституционалните и институционалните форми за заштита;<br>• Унапредување на стручната работа во институциите за примена на прописите од надлежност во делокругот на своето работење;<br>• Поттикнување на корисниците за објективно пријавување на материјалната состојба;<br>• Воспоставување на систем за координација и размена на информации на локално и национално ниво;<br>• Поголема социјална вклученост на лицата во социјален ризик и нивна активација на пазарот на трудот;<br>• Поттикнување и давање на поддршка на општините и приватниот сектор (приватни и физички лица) за изградба на нови капацитети и развој на социјални услуги, како и реконструкција и адаптација на постојните капацитети за социјална заштита;<br>• Подигање на свеста на населението и субјектите за пстребите од поголема достапност на услуги од социјална заштита;<br>• Проактивно вклучување на граѓанскиот сектор во креирање и имплементација на политики;<br>• Склучување на договори за социјално осигурување со земјите до кои е доставена иницијатива за започнување на истите;<br>• Флексибилни услови за пензија и државна социјална пензија; |

| | |
|---|---|
| спроведување на проекти финансирани од ЕУ;<br>• Стекнато искуство во досегашните процеси на евро-интеграција и соработката со институциите на Европската Комисија, МОТ, Светска банка, ООН и нејзините агенции, и др. ;<br>• Финансиска и техничка поддршка на ЕУ, МОТ, агенциите на ООН и други развојни партнери во речиси сите сфери на делување на МТСП (поддршка на реформите во социјална заштита, пазар на труд и програми и мерки за вработување, заштита на деца, неформална економија и подобрување на условите за работа, социјален дијалог);<br>• Развиена билатерална соработка со меѓународни организации;<br>• Поттикнување на вработеноста преку имплементација на активни политики за вработување;<br>• Воспоставени организационо – технички мерки; и<br>• Воспоставен Ресурсен центар за: поддршка на социјални претпријатија, родово одговорно буџетирање и креирање политики. | • Вклучување на поголем број на деца од населението од 0 до 6 години во нови детски градинки, како и проширување на постоечките капацитети (реконструкција и адаптација на јавните детски градинки, како и на други објекти и просторни услови) и воспоставување на систем и развој на алтернативни форми за згрижување на деца;<br>• Создавање услови за поголема достапност и проширен опфат во детските градинки за поголем дел од населението, со посебен акцент на руралните средини;<br>• Вклучување во системот на згрижување и воспитание на деца 3-6 години од предучилишна возраст во центрите за ран детски развој, во средини каде нема детски градинки;<br>• Давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст (на повик) од страна на Агенција;<br>• Понатамошно подигнување на нивото на стручноста и компетенциите во извршување на работите во дејноста, преку воспоставен систем на лиценцирање, полагање на стручни испити и задолжителни обуки за дополнителна едукација за вработените;<br>• Овозможување на правни субјекти (компании) за своите вработени да основаат детски градинки/ центри за ран детски развој во рамки на правниот субјект;<br>• Понатамошно подобрување на финансиската состојба, поедноставување на постапките за остварување на права за лицата во различни видови на социјален ризик;<br>• Понатамошна подготовка и имплементација на заеднички хоризонтални политики и стратешки документи;<br>• Подобрување на систем за координација и дисеминација на информации за хоризонтални и вертикални политики;<br>• Понатамошно подобрување за разбирање и пристап кон прашањата на еднаквост и недискриминација од страна на сите релевантни чинители, при креирање на родово сензитивни политики и унапредување на системот за социјална сигурност;<br>• Зголемување на буџетските средства за имплементација на активностите произлезени од стратешките документи;<br>• Изрекување на прекршочни казни согласно Законот за еднакви можности, на субјектите кои не ги почитуваат одредбите за родова еднаквост и недискриминација;<br>• Соодветна вклученост и координација на релевантните сектори |

| | |
|---|---|
| | во Министерството и институции во процесот на подготовка и имплементација на програмите поврзани со ЕУ интеграција;<br>• Координација на активностите финансирани од разни извори (буџетски средства, странски донации) за остварување на стратешките цели;<br>• Искористување на ЕУ помошта за исполнување на приоритетите (реформите) на Влада на РСМ и финансирање на политики;<br>• Мобилизирање на администрацијата во процесот на билатерален скрининг и ажурирањето на домашното со европското законодавство;<br>• Донесување и имплементација на законска регулатива за развој и поддршка на социјални претпријатија.<br>• Реорганизација на Секторот за европска интеграција и меѓународна соработка, во две посебни работни единици (сектори) за навремено и квалитетно исполнување на обврските поврзани со процесот на европска интеграција<br>• ; и<br>• Надградба на информатичко- комуникациската технологија согласно актуелните трендови |
| **СЛАБИ СТРАНИ:** | **ЗАКАНИ:** |
| • Одлив на професионален и обучен кадар од министерството (пензионирање, заминување), кое негативно влијае врз капацитети за квалитетно и навремено извршување на политиките кои се креираат во МТСП<br>• Недоволни буџетски средства за имплементација на политиките од доменот на МТСП;<br>• Недоволни капацитети за обезбедување на соодветна примена на законите, вклучувајќи и нови законски решенија и креирање на политики според тековните состојби;<br>• Недоволна ефикасност, координација, усогласеност на институциите, во доменот на политиките на МТСП;<br>• Недоволно развиен социјален дијалог на сите нивоа, неусогласен и некоординирани предлози на социјалните партнери;<br>• Недостиг на иницијатива од засегнатите страни за подготовка, спроведување на политиките за вработување и социјална инклузија;<br>• Недоволни човечки и просторни ресурси, како и обученост на административните службеници; | • Влијание на надворешните економско-политичките случувања (пандемија, енергетска криза и воени дејствија) врз креирање и имплементација на политиките од доменот на МТСП;<br>• Последователни неповолни влијанија поради економска криза и дестабилизација во блискиот регион врз различните области во доменот на дејствувањето на МТСП (пазарот на трудот, социјалната сигурност, социјалната заштита и др. )<br>• Неможност за воспоставување на писмени достави до сторителите на прекршоците, од страна на институциите за достава;<br>• Стареење на населението, миграција и намалување на работната сила;<br>• Солвентноста на првиот пензиски столб;<br>• Дефицит на мрежа за прибирање и дисеминација на адекватни податоци за ранливите категории од населението на национално и локално ниво;<br>• Сензибилност и обученост на човечките ресурси на поодделни институции за познавањето на проблематиката од областа на демографските политики и нивно креирање во РСМ; |

| | |
|---|---|
| • Дефицит на податочна евиденција и анализа на статистичките податоци;<br>• Континуиран увид на стручните лица на дел од центрите за социјална работа, заради утврдување на фактичката состојба на корисниците на социјални материјални права и услуги;<br>• Дефицит на мотивираност кај институциите за имплементација на хоризонтални политики и нови меѓусекторски законски решенија ;<br>• Нецелосно искористување на сите расположливи средства од ЕУ помошта (ИПА и други финансиски инструменти од ЕУ) ;<br>• Недоволно сензибилност кај институциите и кај граѓаните во однос на прашањата на еднаквост и недискриминација за одредени групи од населението;<br>• Ограничено и слабо учество на дел од вработени лица од секторите/ институциите корисници во подготовка, следење и обезбедување одржливост на проектите/програми финансирани од ЕУ од хоризонтална и вертикална поврзаност;<br>• Немање на континуитет за обуки за нови информациско комуникациски технологии, градежништвото и ентериерното уредување на просторот;<br>• Бавен интернет пристап и недостапен базичен интернет во просториите на МТСП (сала за состаноци);<br>• Минимален услови и технички капацитети за обезбедување на информациска сигурност;<br>• Недоволна имплементација и недостаток на Методологија и алатки за следење, известување и анализа на програми /проекти и политики во надлежност на МТСП, како и недоволни и нестабилни аналитички капацитети на МТСП<br>• Бавен одзив на информациониот систем за управување со паричните надоместоци;<br>• Застареност на дел од информациско комуникациската технологија. | • Незаинтересираност од страна на институциите за прашањето на половата еднаквост и недискриминација;<br>• Непостоење на родово разделена статистика во сите области на национално и локално ниво;<br>• Неможност за изнаоѓање на одржливи решенија за лицата со признат статус на бегалци и мигранти;<br>• Промена на правилата во фаза на имплементација на програмите/проектите (пр. наметнување на дополнителни предуслови од страна на донаторот -ЕУ);<br>• Сложени и обемни правила за имплементација на програмите и проектите финансирани од ЕУ;<br>• Вклученост на повеќе институции во имплементацијата на ИПА програмите и проектите, што налага време и активности за координација и усогласување и негативно се одразува на брзината и квалитетот на реализација на проектите;<br>• Ненавремено исполнување на обврските во делот на донесување и следење на секторските политики и донаторска координација;<br>• Непостоење на disaster recovery plan; и<br>• Чести промени на законските прописи. |

Подготвил: Д-р Зоран Вучев
Одобрил: Елена Манчева
Согласен: Државен секретар, д-р Flakron Bexheti

министер
Гоко Велковски